# Што е артериски катетер?
# What is an Arterial Line?

Кај пациентите во Одделението за интензивна нега често пати се јавува потреба од постојано мерење на нивниот крвен притисок. Артерискиот катетер обезбедува начин за постојано следење на крвниот притисок на пациентот, што може да биде битно за стабилизирањето на состојбата на пациентот. Артерискиот катетер исто така обезбедува пристап за често земање крв. Крв може да се земе од пациентот преку цревото без да треба да се користи игла за секој тест на крвта.

## Како работи?
## How Does It Work?

Артериски катетери можат да се стават кај зглобот на дланката (radial artery), кај ципата (femoral artery) или кај стапалото (pedal artery). Артериски катетер се става во артеријата користејќи ја истата техника како за ставање периферна интравенозна инфузија. Потоа местото се шие хируршки или се залепува со леплива лента на кожата за да не се изместува и да остане во артеријата. Цревата понатаму се поврзуваат со мониторот што стои покрај креветот каде што крвниот притисок на пациентот постојано се покажува во брановидна форма.

Обично артериските катетери се потребни за кусо време, но ако се потребни подолго време, тие можат да бидат заманети од страна на медисцинско лице.

## Дали има некакви компликации?
## Are There Any Complications?

Сите интерванции и процедури во Одделението за интензивна нега носат одреден степен на ризик дури и кога се изведуваат од страна на обучен и искусен персонал. Ве молиме да ги продискутирате овие прашања со медицинскиот персонал кој се грижи за пациентот.

## Дали имате некакви прашања?
## Any Questions?

Секако, ако имате некакви прашња или грижи, ве молиме да разговарате со сестрите и докторите од Одделението за интензивна нега.

